РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА
бр. 04-423/64
03.12 2025 год.
Битола

Врз основа на член 77 и член 77-з став (1) од Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 12 став (2) алинеја 7 од Статутот на НУ Центар за култура – Битола бр.01-225/2 од 09.04.2015 година, бр.02-47/3 од 29.01.2018 година, бр.02-177/3 од 14.03.2019 година и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на НУ Центар за култура – Битола бр.02-315/3 од 11.06.2025 година, Годишниот план за вработување за 2025 година бр.01-423/1 од 27.08.2024, и Согласност од Министерството за финансии бр.19-8228/2 од 29.07.2025 година како и Предлогот за вработување на кандидат бр. 03-423/63 од 03.12.2025 година по Јавен оглас бр. 1/2025, директорот на НУ Центар за култура - Битола донесе:

ОДЛУКА

за избор за вработување на еден работник по јавен оглас

1. Појавниот оглас бр. 1/2025 објавен на 01.08.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, за вработување на еден извршител, давател на јавни услуги во Националната установа Центар за култура - Битола се избира:
   Кандидатот Тони Тошески, за работното место КУЛ 04 01 А02 007 Друг одговорен сценски работник, помошно – техничка служба.
2. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време на работното место од став 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 01.08.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, на интернет страната на Центарот за вработување - Битола, како и на интернет страницата на Центарот за култура - Битола објавен е оглас бр.1/2025 за вработување на еден извршител – помошно – техничка служба, во Националната установа Центар за култура - Битола. Со Решение бр. 03-423/59 од 01.12.2025 година а согласно Известувањето за номинација на членови во комисија за вработување од Министерството за култура и туризам бр.40-7759/2 од 21.11.2025 година, формирана е Комисија за селекција на вработувањето по јавен оглас од страна на директорот на НУ Центар за култура - Битола. Комисијата за селекција на вработувањето по јавен оглас спроведе административна селекција за проверка на веродостојност на доставените податоци и докази и спроведе интервју со пријавените кандидати. Комисијата состави Записник од административната селекција за проверка на веродостојност на доставените

Scanned with CamScanner

податоци и докази бр.03-423/60 од 03.12.2025 и Записник од интервјуто бр.03-423/61 од 03.12.2025 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од двете фази и Предлог кандидат за вработување бр. 03-423/63 од 03.12.2025 година по Јавен оглас бр. 1/2025. Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, директорот на Националната установа Центар за култура - Битола, донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Управниот одбор на НУ Центар за култура - Битола во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата и огласната табла на НУ Центар за култура - Битола.

Доставено до:
Избраниот кандидат (1)
Архива на Центарот (I)
Огласна табла (1)

Национална установа Центар за култура – Битола

Директор,

Сашо Илковски

Scanned with CamScanner